**Република Македонија**
**Министерство за финансии**

# ПРЕДЛОГ-ЗАКОН

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНАТА СТАТИСТИКА

Скопје, ___________ 2013 година

**ВОВЕД**

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Дејноста на државната статистика е уредена со Законот за државната статистика ("Службен весник на Република Македонија" бр.54/97, 21/07 и 51/11). Основен носител на дејноста е Државниот завод за статистика. Покрај наведената институција, дејноста на државната статистика ја реализираат и овластени носители за спроведување на статистички истражувања. Конкретната реализација на својата дејност Заводот и овластените носители ја реализираат врз основа на Програмата за статистички истражувања за периодот 2008-2012 ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/08 и 141/10).

Законот за државната статистика е донесен во 1997 година. Законот во изминатиот период на два наврата беше изменуван и дополнуван и тоа во 2007 и 2011 година.

Со последната измена на Законот во 2011 година се изврши измена и дополнување на Законот во однос на:

- -принципите на кои се заснова официјалната статистика;
- -критериумите за квалитет;
- -условите за објавување на индивидуални податоци, посебно со потенцирањето на пасивната доверливост;
- -потенцирањето на улогата на Државниот завод за статистика како координатор на статистичкиот систем на земјата, како во домашни, така и во меѓународни услови и
- -имплементација на Кодексот за работа на европската статистика во работењето на Заводот.

Имплементацијата на Законот во изминатиот период (2011-2012) покажа дека е потребно дополнително преоценување на Законот и допрецизирање на одредени одредби во Законот и тоа од аспект на:

- -допрецизирање на одредени дефиниции и категории кои се употребуваат во законот;
- -допрецизирање и зајакнување на координативната улога на Државниот завод за статистика во рамките на статистичкиот систем на земјата;
- -попрецизно одредување на категоријата доверливост на податоци;
- -допрецизирање на одредбите на законот кои се однесуваат на користењето на статистичките податоци за научно-истражувачки цели, како и за условите за давање на доверливи податоци без идентификација;
- -меѓународната статистичка соработка и

-воведување на надзор над спроведувањето на законот и допрецизирање на делот на прекршочни одредби.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

Предлог законот има за цел: натамошно допрецизирање на дефинициите и категориите кои се употребуваат во законот, како и на создавање на законски претпоставки за зголемување на опфатот и квалитетот на статистичките податоци кои се прибираат од известјајните единици. Воедно со допрецизирање на улогата на Заводот, како координатор на статистичкиот систем на земјата, се зајакнува довербата на јавноста во однос на квалитетот на податоците кои ги произведува не само Заводот, туку и овластените носители.

Со измените на Законот, посебно со допрецизирање на категоријата доверливост се воведува нов концепт на заштита на индивидуалните податоци.

Овој закон се заснова на истите начела врз кои се заснова законот чие изменување се предлага.

Основни решенија на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за државната статистика се:

-Допрецизирање на категории кои се употребуваат во Законот;

-Допрецизирање на делот од Законот кој се однесува на збирките на податоци;

-Попрецизно и посеопфатно дефинирање на категоријата доверливост на податоци од аспект на статистиката;

-Зајакнување на улогата на Државниот завод за статистика како координатор на статистичкиот систем на земјата;

-Допрецизирање на одредбите кои се однесуваат на користење на статистичките податоци за научно-истражувачки цели;

-Објавување на официјалните статистички податоци, како и на давањето на доверливи податоци без идентификации на трети лица;

-Меѓународната дисеминација на статистички податоци и

-Воведување на надзор над примената и спроведувањето на одредбите на овој закон.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Со предложените решенија во измената на Законот за државната статистика предизвикува финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија и другите јавни финансиски средства. Средствата потребни за спроведување на Законот за државната статистика, Државниот заводот за статистика ќе ги обезбеди во рамки на максимално одобрените износи на расходи, за секоја година одделно.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Спроведувањето на законот нема да предизвика материјални обврски за деловните субјекти.

## V. ПРОПИСИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

За спроведувањето на Законот не е потребно да се донесат подзаконски прописи.

**ПРЕДЛОГ-ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНАТА СТАТИСТИКА**

**Член 1**

Во Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" број 54/97, 21/07 и 51/11), во членот 1 по зборовите: "поставеноста и" се додаваат зборовите "полето на", а зборот "давањето" се заменува со зборот "дисеминацијата".

**Член 2**

Членот 2 се менува и гласи:

„Државната статистика е стручна независна дејност која врз база на научни основи, на корисниците (правни и физички лица) им обезбедува податоци за економијата, демографијата, социјалниот живот, заштитата на животната средина и другите области. "

**Член 3**

Членот 3 се менува и гласи:

"Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

- под „официјални статистички податоци во Република Македонија" се подразбираат податоците кои во согласност со Програмата за статистички истражувања ги објавуваат Државниот завод за статистика и овластените носители;

- под „статистичко истражување" се подразбира процес на подготовка, прибирање, обработка, складирање, чување, анализа и дисеминација на податоци за масовни појави врз база на научни основи, од областите од член 2 од овој закон;

- под „извештајна единица" се подразбираат правните лица, физичките лица, органите на државната власт и домаќинствата кои во рамките на статистичките истражувања даваат податоци исклучиво за статистички цели;

- под „статистичка единица" се подразбира основна единица на набљудување на која се однесуваат податоците;

- под „збирка на податоци" се подразбираат регистрите утврдени со закон, евиденциите утврдени со закон или општите акти врз основа на закон, бази и банки на податоци што се водат врз основа на јавни и други овластувања;

- под „корисник на податоци“ се подразбираат сите правни и физички лица кои имаат потреба од статистички податоци;

- под „Програма за статистички истражувања“ се подразбира акт со кој се утврдуваат статистичките истражувања за повеќегодишен период согласно овој закон;

- под „дисеминација на податоци“ се подразбираат активностите за презентирање на статистичките податоци и метаподатоците и обезбедување пристап на корисниците до нив;

- под „статистички регистри“ се подразбираат збирки на податоци за извештајните единици со одредена содржина и форма кои континуирано се ажурираат од сите релевантно достапни извори и се користат исклучиво за статистички цели;

- под „овластени носители“ се подразбираат: Државниот завод за статистика, Народната банка на Република Македонија и другите субјекти наведени во Програмата за статистички истражувања, кои во прибирањето, обработката и дисеминацијата на податоците применуваат статистички стандарди, методи и техники;

- под „носители на збирки на податоци“ се подразбираат правните лица, органите на државната власт или други тела кои ги водат овие збирки согласно посебни закони и ги користат за утврдување на правата и обврските на правните и на физичките лица;

- под „користење за статистички цели“ се подразбира користење на податоците исклучиво за развој и производство на официјалните статистички податоци;

- под „доверливи податоци“ се подразбираат податоци кои овозможуваат извештајната, односно статистичката единица, да биде идентификувана директно или индиректно и со тоа да се откријат индивидуалните информации. Како доверливи податоци се сметаат:

1. идентификациските податоци кои овозможуваат директна идентификација на правното лице, физичкото лице или органот на државната власт, а се однесуваат на називот, односно името и презимето, адресата и единствениот идентификациски број кој се води согласно закон,

2. индивидуалните податоци кои се однесуваат на правно лице,

3. индивидуалните податоци кои се однесуваат на физичко лице (лични податоци),

4. посебните категории на лични податоци согласно Законот за заштита на личните податоци и

5. агрегираните статистички податоци кои овозможуваат извештајната единица да биде идентификувана индиректно;

- под „директна идентификација“ се подразбира препознавање на статистичката единица преку нејзините идентификациски податоци;

- под „индиректна идентификација“ се подразбира идентификација на статистичката единица на кој било начин различен од начинот на директна идентификација. "

**Член 4**

Во член 4-а став 1 во алинејата 1 зборовите "мора да" се бришат, а зборовите "мора да бидат" се заменуваат со зборот "се".

Во алинејата 6 зборот "официјалната" се заменуваат со зборот "државната".

**Член 5**

Во член 4-в во ставот 1 алинејата 4 се менува и гласи:

"- придржување кон предвидените рокови за објавување“ го означува објавувањето на податоците според Календарот за објавување на официјалните статистички податоци,"

Во алинејата 5 зборот "официјалната" се заменува со зборот "државната".

Алинејата 6 се менува и гласи:

"- кохерентност и споредливост“ значи дека официјалните статистички податоци треба да бидат конзистентни и споредливи меѓу регионите и земјите, во различни временски периоди, со можност за нивно комбинирање и заедничко користење од различни извори."

**Член 6**

Членот 4-г се брише.

**Член 7**

Во членот 5 ставот 1 се менува и гласи:

"Основните задачи во извршувањето на дејноста на државната статистика ги врши Државниот завод за статистика (во натамошниот текст: Завод) преку спроведување на статистички истражувања во соработка со известајните единици и со добивање на податоци од носителите на збирки на податоци."

Во ставот 2 воведната реченица се менува и гласи:

"Статистички истражувања, исто така, спроведуваат и:".

Во ставот 3 зборовите “став 2“ се заменуваат со зборовите “ставовите 1 и 2“.

**Член 8**

Во член 6 став 1 во алинејата 1 зборовите "член 15" се заменуваат со зборовите "членовите 14 и 15".

Во алинејата 2 по зборот "истражувањето" се додаваат зборовите "(методологии, упатства, обрасци и др.)".

Алинејата 3 се менува и гласи:

"- вршат обработка и дисеминација на официјалните статистички податоци добиени од статистичките истражувања и".

**Член 9**

Во членот 7 ставовите 1 и 2 се менуваат и гласат:

"Заводот е координатор на државната статистика во рамките на статистичкиот систем на Република Македонија.

Заводот е стручна самостојна ,управна организација со својство на правно лице и надлежности утврдени со овој и друг закон."

Ставот 5 се брише.

**Член 10**

Членот 8 се менува и гласи:

"Заводот, во рамките на своите надлежности, ги врши следниве стручни работи:

- ги координира активностите на државната статистика,

- ги подготвува и пропишува инструментите за статистичките истражувања (методологии, упатства, обрасци и др.),

-ги подготвува националните статистички стандарди,

- прибира и обработува статистички податоци,

- врши анализа на статистичките податоци, подготвува статистички прогнози, трендови и модели,

- ги исполнува меѓународните обврски во областа на статистиката,

- ги утврдува потребите од статистичките податоци,

- ги чува и дисеминира статистичките податоци,

-координира при доставувањето на статистичките податоци на меѓународни организации,

- соработува со овластените носители кои вршат статистички истражувања од областа на државната статистика во рамките на својата надлежност,

- на овластените носители им дава мислење за методолошките основи во согласност со член 15 од овој закон,

- дава мислење при воведување на нови и при дополнување на постоечките збирки на податоци кои можат да бидат извор на податоци за државната статистика, согласно член 24-б од овој закон,

- пропишува организациско-технички мерки за заштита на доверливите податоци,

- дава иницијативи и предлози за содржинско дополнување на постоечките и на новите збирки на податоци кои согласно закон и Програмата се користат за статистичките истражувања,

- врши услуги во областа на статистиката за потребите на корисниците, по нивно барање,

- воспоставува, води и одржува статистички збирки на податоци,

- самостојно и во соработка со други овластени носители реализира проекти од областа на државната статистика,

- врши надзор над над спроведувањето на одредбите на овој закон,

- врши популаризација на статистиката и

- врши и други работи утврдени со овој и друг закон".

**Член 11**

Во член 9-а во ставот 3 зборот "официјалната " се заменува со зборот "државната".

**Член 12**

Насловот на делот III "МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ НА СТАТИСТИЧКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА " се заменува со насловот III " МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ВО СТАТИСТИЧКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА".

**Член 13**

Во член 14 во ставот 1 по зборот "за" се додаваат зборовите "прибирање на податоци во".

Алинејата 2 се менува и гласи:

"- задолжителна содржина на статистичките обрасци, "

Во алинејата 3 по зборот "истражување" точката и запирката се заменуваат со сврзникот "и".

Алинеата 4 се менува и гласи:

"- обврска за задолжително давање на податоците".

Алинејата 5 се брише.

**Член 14**

Членот 15 се менува и гласи:

"Методолошките основи за прибирање на податоците во статистичките истражувања во согласност со Програмата ги утврдува Заводот.

По исклучок на став 1 на овој член, овластените носители, по претходно добиено мислење од Заводот, ги утврдуваат методолошките основи за прибирање на податоците во статистичките истражувања за кои се надлежни согласно Програмата.

Заводот е должен, во рок од 15 дена по приемот на барањето, да даде мислење по предложените методолошки основи од овластениот носител.

Доколку не биде дадено мислење во рокот од став 3 на овој член, ќе се смета дека е дадено позитивно мислење.

Во случај на негативно мислење за методолошките основи, Заводот ја информира Владата на Република Македонија."

**Член 15**

Членовите 16, 17 и 19 се бришат.

**Член 16**

Во член 21 во ставот 1 по зборот „Заводот“ се става запирка и се додаваат зборовите"како координатор на државната статистика,".

**Член 17**

Членот 22 се менува и гласи:

"Со Програмата се утврдуваат:
- единствениот број на истражувањето,
- називот на статистичкото истражување,
- периодиката на статистичкото истражување,
- извештајните единици,
- кратката содржина на статистичкото истражување,
- методот и начинот на прибирање на податоците,
- територијалното ниво на публикување на податоците,

- рокот за публикување на податоците,
- рокот за ревизија и
- меѓународните стандарди и регулативи.

**Член 18**

По членот 24 се додаваат два нови члена 24-а и 24-б, кои гласат:

**"Член 24-а**

Збирките на податоци и регистрите задолжително содржат:

-идентификациски податоци,

-единици на збирките на податоци, односно единици на регистрите,

-методологии на водење и одржување,

-функции на поврзување,

-основи на заштита на податоците и информациите и

- податоци за единиците на збирките на податоци, односно на регистрите.

**Член 24-б**

Носителите на збирки на податоци, пред нивното воспоставување или изменување и дополнување со податоци, се должни да добијат писмено мислење од Заводот.

Заводот, во случаите од став 1 на овој член, е должен да даде мислење во рок од 15 дена од приемот на барањето.

Доколку не биде дадено мислење во рокот од став 2 на овој член, ќе се смета дека е дадено позитивно мислење.

Во случај на негативно мислење кое не е прифатено од страна на носителот на збирката на податоци, Заводот ја информира Владата на Република Македонија."

**Член 19**

Членот 25 се менува и гласи:

Збирките на податоци можат да се користат како извори на податоци за статистичките истражувања кои ги спроведува Заводот, доколку се обезбеди заштита на податоците согласно закон.

При водењето на збирки на податоци кои се користат и за статистички истражувања, носителите на збирки на податоци ги применуваат единствените стандарди (класификации и номенклатури).

Носителите на збирките на податоци утврдени со закон, се должни на Заводот да му ги обезбедат податоците кои се содржани во збирките, а се неопходни за реализација на статистичките истражувања.

По преземањето на податоците од останатите збирки на податоци, Заводот овие податоци ги уредува, ги складира и ги чува во своите збирки на податоци.

**Член 20**

Во член 25-а во ставот 1 зборот "административни" се брише.

Во ставот 2 зборот "административните" се брише, а зборовите "кои ги" се заменуваат со зборовите "што се".

Ставот 3 се брише.

**Член 21**

Член 25-б се брише.

**Член 22**

Во член 25-в во ставот 2 зборовите "селекција на извештајните единици за статистички истражувања и за избор на примерок" се заменуваат со зборовите "спроведување на статистички истражувања, како и за објавување на статистички податоци".

**Член 23**

Членот 26 се менува и гласи:

"Правните лица и органите на државната власт кои се извештајни единици се должни податоците што треба да ги обезбедат за статистичките истражувања кои ги спроведува Заводот, да ги дадат во однапред дефиниран формат согласно Програмата, без надомест."

**Член 24**

Во член 27 став 1 во алинејата 3 зборот "органот" се заменува со зборовите "овластениот носител".

Во алинејата 6 зборовите "дали постои задолжителна" се бришат.

**Член 25**

Во член 28 во ставот 1 воведната реченица се менува и гласи:

"Во однапред дефинираниот формат за прибирање на податоците со статистичкото истражување задолжително се наведува: "

Во алинејата 2 зборот "носител" се заменуваат со зборовите "овластениот носител".

**Член 26**

Во член 29 во ставот 2 зборовите "единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ)" се бришат.

**Член 27**

Во членот 30 ставот 1 се менува и гласи:

"Правните лица и органите на државна власт кои се извештајни единици според Програмата имаат обврска на Заводот и на овластените носители да им ги достават бараните податоци во утврдените рокови и да им достават целосни и точни податоци."

Во ставот 2 по зборот "Заводот" се додаваат зборовите " и на овластените носители".

Во ставот 3 по зборот "Заводот" се додаваат зборовите " и овластените носители" а зборот "доставува" се заменува со зборот "доставуваат".

По ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

"Доколку извештајната единица не постапи по писменото известување во определениот рок, Заводот во рок од 15 дена ќе поведе постапка на надзор на извештајната единица."

**Член 28**

Членот 31 се менува и гласи:

"Во случаи кога е потребно да се изврши оценка на методологијата или квалитетот на изворот на податоците кои се потребни за статистички истражувања или за потребите на пописите, Заводот и овластените носители можат да спроведат пробни истражувања и во случај кога таквите истражувања не се предвидени со Програмата."

**Член 29**

Во членот 33 зборовите "конечните резултати" се заменуваат со зборовите "официјалните статистички податоци добиени".

**Член 30**

Во членот 34 ставот 1 се менува и гласи:

"Заводот и овластените носители имаат право да прибираат доверливи податоци за статистички цели за статистичките истражувања утврдени со Програмата."

Ставот 2 се брише.

**Член 31**

Членот 35 се менува и гласи:

"Индивидуалните податоци можат да се користат единствено за статистички цели кои се утврдени со Програмата, како и за цели согласно овој закон. Поединечно, овие податоци не можат да се компилираат или ставаат во други збирки на податоци што се користат за нестатистички цели."

**Член 32**

Членовите 35-а и 36 став 2 се бришат.

**Член 33**

Во членот 37 ставот 3 се менува и гласи:

Единствениот матичен број на граѓанинот може да се користи за статистички цели во фазата на прибирањето, обработката и контролата на личните податоци содржани во статистичките регистри.

Ставот 4 се менува и гласи:

При прибирањето, обработката и контролата на личните податоци од ставот 3 на овој член, Заводот е должен да води сметка единствениот матичен број на граѓанинот да не биде непотребно видлив, печатен или преземен од статистичките регистри.

**Член 34**

Членот 38 се менува и гласи:

"Сите доверливи податоци прибрани за статистички цели подлежат на заштита согласно закон."

**Член 35**

Во член 39 во ставот 1 зборот "индивидуални" се заменува со зборот "доверливи", а зборовите "ги чуваат како доверливи" се заменуваат со зборовите "не ги оддаваат".

Во ставот 2 зборот "индивидуални" се заменува со зборот "доверливи".

**Член 36**

Во член 40 во ставот 1 зборовите "конечните резултати" се заменуваат со зборовите "официјалните статистички податоци".

Ставот 2 се менува и гласи:

" По исклучок од став 1 на овој член, податоците може да се чуваат и подолго, согласно член 32 ставови 1 и 2 од овој закон."

**Член 37**

Во членот 41 ставовите 1 и 2 се менуваат и гласат:

"Заводот и овластените носители од член 6 од овој закон можат, врз основа на писмено барање, да даваат индивидуални податоци без идентификациски податоци за известувачката единица, исклучиво на регистрирана истражувачка организација и регистрирани индивидуални истражувачи за научно-истражувачки цели, доколку корисникот ги обезбеди сите мерки за заштита утврдени со закон и со други прописи.

Писменото барање од став 1 на овој член мора да ги содржи: статусот на корисникот, целта на користењето на податоците, заштитата на податоците, описот на проектот, рокот за завршување на активноста, начинот и времето на објавување на податоците."

По ставот 4 се додаваат два нови става 5 и 6, кои гласат:

"Заводот и овластените носители водат евиденција за корисниците од став 1 на овој член, како и за целта за која се дадени статистичките податоци на користење.

Формата, содржината, како и начинот на водењето на евиденцијата за корисниците ги пропишува директорот на Заводот, односно лицето кое раководи со овластениот носител."

Ставот 5 станува став 7.

## Член 38

Членот 42 се менува и гласи:

"Официјалните статистички податоци ќе бидат објавени доколку не содржат доверливи податоци.

По исклучок од ставот 1 на овој член доверливите податоци, без директна идентификација, прибрани за статистички цели, може да се објавуваат и да се даваат во следниве случаи:

- ако има писмена согласност од статистичката единица за која се однесуваат тие податоци,

- ако податоците се земени од јавните - општо достапни збирки на податоци и

- ако податоците се јавно објавени од страна на статистичката единица согласно закон.

Заводот може да публикува доверливи податоци без директна идентификација за увоз и за извоз, а кои дозволуваат индиректна идентификација на статистичката единица, освен доколку статистичката единица го забранува тоа.

Писмената согласност од став 2 алинеја 1 на овој член може да се повлече во секое време и без образложение."

## Член 39

Во член 43 во ставот 1 зборот "индивидуалните" се заменува со зборот "доверливите".

## Член 40

Членот 44 се менува и гласи:

"Официјалните статистички податоци што се објавуваат во согласност со Програмата, се јавни и секому достапни и задолжително се објавуваат од страна на Заводот и од овластените носители.

Овластените носители доставуваат до Заводот примерок од официјалните статистички податоци добиени од статистичките истражувања од Програмата што ги објавуваат.

Интегралните публикации од статистичките истражувања, предвидени во Програмата, ги објавува Заводот.

Размената на податоците собрани за статистички цели помеѓу Заводот и овластените носители се врши врз основа на договор.

Заводот и овластените носители се должни да објавуваат референтни метаподатоци според стандардизирана структура заедно со дисеминираните податоци."

**Член 41**

Членот 45 се менува и гласи:

"Заводот и овластените носители се должни да подготват Календар за објавување на официјалните статистички податоци и да го ажурираат на почетокот на секое тримесечје.

Заводот и овластените носители се должни да ги објавуваат податоците во согласност со Календарот од став 1 на овој член и да ги информираат корисниците за какво било задоцнување.

Календарот од став 1 на овој член содржи назив на податоците кои се објавуваат и датуми на нивното објавување и се објавува на веб-страниците на Заводот и на овластените носители."

**Член 42**

Членовите 46 и 47 се бришат.

**Член 43**

Членот 48 се менува и гласи:

"Цените на публикационите материјали и трошоците за подготовка на податоците по барање на корисници од земјата и од странство ги определуваат Заводот и овластените носители.

Цените на публикационите материјали Заводот и овластените носители ги објавуваат на своите интернет-страници."

**Член 44**

Во член 48-а во ставот 1 зборот "официјална" се заменува со зборот "државната".

Во ставот 2 зборот "официјалната" се заменува со зборот "државната".

**Член 45**

Членот 49-а се менува и гласи:

"Заводот и овластените носители, врз основа на добиено писмено барање, можат да даваат индивидуални податоци без идентификациски податоци за известајната единица на меѓународни статистички организации и институции кои продуцираат статистички податоци од други држави.

Секое натамошно доставување на индивидуални податоци без идентификациски податоци за известајната единица дадени согласно став 1 на овој член, мора да биде одобрено од страна на Заводот."

**Член 46**

Членот 49-б се менува и гласи:

"Заводот и другите овластени носители можат да пренесуваат индивидуални податоци без идентификациски податоци во меѓународни статистички организации и институции кои продуцираат статистички податоци од други држави, за статистички цели и за научно-истражувачки цели, доколку се обезбедени сите мерки за заштита и за пренос на податоците согласно закон. "

**Член 47**

Во член 53 во ставот 1 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите "и од други извори согласно закон."

Ставот 2 се менува и гласи:

"Приходите од вршењето на работите на државната статистика, се уплатуваат на посебни сметки на органите кои ги вршат работите од областа на статистиката. "

**Член 48**

По членот 53 се додава нов наслов XI-а со седум нови членови 53-а, 53-б, 53-в, 53-г, 53-д, 53-ѓ и 53-е, кои гласат:

**"XI-а НАДЗОР**

**Член 53-а**

Заводот врши надзор над работата на известајните единици во однос на обврската за доставување на целосни и точни податоци во утврдени рокови.

## Член 53-б

Во постапката при вршењето на надзорот ќе се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка и Законот за инспекциски надзор, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

## Член 53-в

Надзорот над спроведувањето и примената на овој закон, како и други прописи од областа на државната статистика го вршат овластени лица за вршење надзор од редот на вработените во Заводот (во натамошниот текст: овластени лица).

Овластеното лице работите на надзорот ги врши во организациона единица на Заводот.

Овластеното лице може да биде лице кое покрај општите услови за засновање работен однос на државен службеник утврдени со закон треба да има завршено високо образование и да има работно искуство од најмалку три години во струката.

## Член 53-г

При вршење на надзор, овластеното лице е должен да го презентира индивидуалното овластување за вршење на надзорот издадено од страна на директорот на Заводот.

Заради вршење на надзорот овластеното лице може да:

-влезе во работните простории на субјектот на надзорот,

-изврши увид на финансиско-сметководствената и друга документација на субјектот на надзорот и да побара копии на документите и

-да бара усмено или писмено објаснување во врска со документацијата.

## Член 53-д

За извршениот надзор овластеното лице составува записник со наод за утврдената состојба. Записникот се доставува до субјектот на надзорот во рок од 15 дена од денот на завршување на надзорот.

Субјектот на надзорот во рок од осум дена од денот на приемот на записникот може да достави забелешки.

По истекот на рокот од ставот 2 на овој член, овластеното лице за утврдените недостатоци во работата изготвува решение во кое ги определува мерките и рокот за нивното отстранување

Со решението од став 1 на овој член овластеното лице ги определува соодветните мерки и активности кои треба да ги преземе субјектот на надзорот.

Ако при вршењето на надзорот не се утврдени повреди на прописите или повредите се отстранети за време на вршењето на надзорот, овластеното лице наместо решение донесува заклучок за запирање на постапката за вршење надзор, против кој не се дозволени правни средства.

**Член 53-ѓ**

Против решението на овластеното лице може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

По жалбата на решението на овластеното лице  одлучува посебна комисија составена од претседател и два члена именувани од директорот на Заводот.

Комисијата од став 2 на овој член одлучува во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

**Член 53-е**

Ако при вршење на надзорот од страна на Заводот се утврди дека е сторен прекршок од членовите 54 до 58 од овој закон со сторителот ќе се спроведе постапка за порамнување пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка согласно Законот за прекршоците.

**Член 49**

Членот 54 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 2% до 4% од вкупниот годишен приход на правното лице (изразена во апсолутен износ) остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот или од вкупниот приход остварен за пократок период од годината што му претходи на прекршокот доколку во таа година правното лице започнало да работи, ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое нема својство на трговско друштво, ако на Заводот или на овластениот носител не му ги достави бараните податоци согласно членот 30 од овој закон.

За прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице во правното лице или службеното лице во органот на државната власт ќе му се изрече глоба од 1.200 до 2.000 евра во денарска противвредност."

**Член 50**

Членот 54-а се менува и гласи:

„Глоба во износ од 2% до 3% од вкупниот годишен приход на правното лице (изразена во апсолутен износ) остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот или од вкупниот приход остварен за пократок период од годината што му претходи на прекршокот доколку во таа година правното лице започнало да работи, ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое нема својство на трговско друштво, ако на Заводот или на овластениот носител не му достави целосни и точни податоци согласно членот 30 од овој закон.

За прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице во правното лице или службеното лице во органот на државната власт ќе му се изрече глоба од 1.000 до 1.800 евра во денарска противвредност."

**Член 51**

Членот 54-б се менува и гласи:

„Глоба во износ од 1% до 2% од вкупниот годишен приход на правното лице (изразена во апсолутен износ) остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот или од вкупниот приход остварен за пократок период од годината што му претходи на прекршокот доколку во таа година правното лице започнало да работи, ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое нема својство на трговско друштво, ако на Заводот или на овластениот носител не му достави податоци во предвидениот рок од членот 30 од овој закон.

За прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице во правното лице или службеното лице во органот на државната власт ќе му се изрече глоба од 600 до 1.200 евра во денарска противвредност."

**Член 52**

Членот 54-в, се менува и гласи:

„За прекршок сторен од трговско друштво кое на Заводот или на овластениот носител нема да му ги достави бараните податоци согласно членот 30 од овој закон, ќе му се изрече глоба во износ од 2% до 4% од вкупниот годишен приход на трговското друштво остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот или од вкупниот приход остварен за пократок период од годината што му претходи на прекршокот доколку во таа година трговското друштво започнало да работи.

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се изрече глоба на:

- одговорното лице во правното лице микро трговец од 400 до 800 евра во денарска противвредност.

- одговорното лице во правното лице мал трговец од 800 до 1.200 евра во денарска противвредност.

- одговорното лице во правното лице среден трговец од 1.200 до 1.800 евра во денарска противвредност.

- одговорното лице во правното лице голем трговец од 1.800 до 2.000 евра во денарска противвредност. “

**Член 53**

Членот 54-г се менува и гласи:

„За прекршок сторен од трговско друштво кое на Заводот или на овластениот носител не му достави целосни и точни податоци согласно членот 30 од овој закон, ќе му се изрече глоба во износ од 2% до 3% од вкупниот годишен приход на трговското друштво остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот или од вкупниот приход остварен за пократок период од годината што му претходи на прекршокот доколку во таа година трговското друштво започнало да работи.

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се изрече глоба на:

- одговорното лице во правното лице микро трговец од 300 до 600 евра во денарска противвредност.

- одговорното лице во правното лице мал трговец од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност.

- одговорното лице во правното лице среден трговец од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност.

- одговорното лице во правното лице голем трговец од 1.500 до 1.800 евра во денарска противвредност. “

**Член 54**

Членот 54-д се менува и гласи:

„За прекршок сторен од трговско друштво кое на Заводот или на овластениот носител не му достави податоци во предвидениот рок од членот 30 од овој закон, ќе му се изрече глоба во износ од 1% до 2% од вкупниот годишен приход на трговското друштво остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот или од вкупниот приход остварен за пократок период од годината што му претходи

на прекршокот доколку во таа година трговското друштво започнало да работи.

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се изрече глоба на:

- одговорното лице во правното лице микро трговец од 200 до 400 евра во денарска противвредност.

- одговорното лице во правното лице мал трговец од 400 до 700 евра во денарска противвредност.

- одговорното лице во правното лице среден трговец од 700 до 1.200 евра во денарска противвредност.

- одговорното лице во правното лице голем трговец од 1.200 до 1.500 евра во денарска противвредност. "

**Член 55**

По членот 54-д, се додава нов член 54-ѓ, кој гласи:

**"Член 54-ѓ**

Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на директорот на Заводот од страна на Државниот управен инспекторат по спроведената управна постапка за непостапување по член 30 ставови 3 и 4 од овој закон.

Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорниот државен службеник во Заводот, од страна на Државниот управен инспекторат по спроведената управна постапка за непостапување по член 30 ставови 3 и 4 од овој закон. "

Пред поднесување на барање на поведување на прекршочната постапка за прекршоците од ставовите 1 и 2 на овој член ќе се поведе постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците."

**Член 56**

Во член 55 во ставот 1 зборот "индивидуалните" се заменува со зборот "доверливите".

Во ставот 2 зборовите "службено лице или трговец поединец" се заменуваат со зборовите "регистрираниот индивидуален истражувач".

**Член 57**

Во член 56 во ставот 1 зборот "одговорното" се заменува со зборот "службеното".

**Член 58**

Во член 57 во ставот 1 зборовите " член 25 став 2" се заменуваат со зборовите " член 25 став 3".

**Член 59**

Во член 58 во ставот 1 зборовите " член 17 став 1" се заменуваат со зборовите "член 24-б став 1.

**Член 60**

Во членот 59 ставот 1 се брише.

**Член 61**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за државната статистика.

**Член 62**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНАТА СТАТИСТИКА**

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со законот за изменување и дополнување на Законот за државната статистика се воспоставуваат законски основи за зајакнување на улогата на Државниот завод за статистика, како координатор на статистичкиот систем на земјата, како и за создавање на предуслови кои се во функција на зголемување на опфатот и квалитетот на статистичките податоци кои се добиваат од извештајните единици, за условите на користењето на податоците од страна научната заедница и дисеминирањето на податоците до домашните и странските корисници.

Со членовите 1 и 2 се врши допрецизирање на поимот државна статистика.

Во членот 3 се врши промена, односно допрецизирање на изразите кои се употребуваат во Законот. Посебен акцент е ставен на дообјаснување и прецизирање и на поимот доверливи податоци. Воедно во членот се прецизира и дефиницијата на поимот официјални статистички податоци.

Со членовие од 4 до 9 се врши допрецизирање на изразите кои се употребуваат во Законот и тоа во делот со кој се дефинираат начелата на кои се заснова државната статистика, како и делот во кој се објаснуваат принципите за квалитет на државната статистика. Посебно е потенцирана улогата на Заводот како координатор на статистичкиот систем на земјата.

Со членот 10 се врши ново попрецизно редифинирање на надлежноста на Државниот завод за статистика. Притоа е извршена реорганизација на постоечкиот член, при што во преден план се потенцира улогата на Државниот завод за статистика, како координатор на статистичкиот систем на земјата, што е воедно и препорака на меѓународни експерти. Воедно се воведува и сосем нова надлежност, односно надзор над спроведувањето на законот.

Во членот 11, како и во повеќе членови на Предлог законот се врши терминолошко усогласување на терминот официјална со поимот државната статистика. Имено, констатирано е дека во постоечкиот текст на повеќе места во законот се употребуваат двата термини со исто значење.

Со членот 12 се врши терминолошко усогласување на постоечкиот дел 3 “МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ НА СТАТИСТИЧКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА" со "МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ВО СТАТИСТИЧКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА".

Со членот 13 се врши терминолошко допрецизирање на членот 14 на Законот.

Во функција на зајакнување на улогата на Државниот завод за статистика како координатор на статистичкиот систем на земјата, со член 14 се предвидува обврската овластените носители да бараат писмено мислење од Заводот за воведување на нови методолошки основи во статистичките истражувања за кои се надлежни. Предвидено е дека во случај на негативно мислење, статистичкото истражување нема да биде вклучено во Програмата за статистички истражувања, но притоа Заводот како носител на постапката на подготовка на Програмата ја известува Владата. Исто така, се предвидува дека доколку не биде дадено мислење во утврдениот рок, ќе се смета дека е дадено позитивно мислење. Оценка на Државниот завод за статистика е дека нема потреба од објавување на методолошките основи во Службен весник на РМ, бидејќи истите на корисниците се достапни преку други облици на информирање.

Со оглед дека прашањата кои се регулирани со членовите 16, 17 и 19 преставуваат методолошки прашања и кои се уредуваат со подзаконски акти на Заводот, со членот 15 од Предлог законот е извршено бришење на наведените членови.

Со членот 17 согласно воочените недостатоци во структурата на постоечката програма за статистички истражувања во делот содржина на статистичкото истражување извршено е ново редифинирање на содржината на статистичкото истражување со потребните елементи.

Во делот V Збирки на податоци по членот 24 се додаваат два нови члена 24-а и 24-б со кои се воспоставуваат основи за обезбедување на квалитетни статистички податоци и се воспоставува задолжителната содржина која збирките на податоци и регистрите треба да ги поседуваат. Воедно се воспоставува обврската државните органи и другите носители на збирки на податоци, пред нивното воспоставување или дополнување со податоци да добијат писмено мислење од Заводот.

Во функција на редифинирање на целите за кои можат да се користат податоците од збирките на податоци, како и обврската на носителите на збирки на податоци да користат единствени стандарди и да ги обезбедуваат бараните податоци кои се потребни за реализација на статистичките истражувања со членот 19 се прецизира наведеното.

Со членовите 20 и 22 се уредува прашањето на користењето на статистичките регистри за статистички цели, додека член 25-б од Законот се брише. Од претходните три члена со предложените измени се предлага прашањето на воспоставување и користење на статистичките регистри да биде уредено во два члена.

Со членот 23 се врши комплетно реструктуирање на постоечкиот член 26. Имено прецизно се уредува прашањето на обврската на правните лица и на

органите на државната власт кои се извештајни единици да доставуваат податоци за статистичките истражувања во однапред дефиниран формат и што е многу значајно посебно да се потенцира без надомест.

Со членовите 24 и 25 се врши терминолошко допрецизирање на поимите кои се употребени во членовите 27 и 28 од постојниот закон.

Меѓународна статистичка пракса, како и интенција на Законот за заштита на личните податоци е користењето на единствениот матичен број на граѓанинот да се користи крајно рестриктивно. Во таа смисла со членот 26 се исклучува можноста матичниот број на граѓаниот да се користи при подготовка на писмените овластувања на лицата кои се определени непосредно да ги приберат податоците од извештајната единица во својство на анкетари, проценители и др.

Потребата од прецизирање на обврската на извештајните единици на Заводот и овластените носители да му доставуваат податоци без надомест е реализирана со член 27 од Предлог законот. Воедно се предлага и сосема ново решение, односно започнување на постапка за надзор кој треба да биде во функција на зголемување на дисциплината на извештајните единици во однос на навременоста и редовноста во доставувањето на статистички информации до Заводот.

Со член 28 од Предлог законот се предвидува можноста при точно прецизирани услови и постапка да се спроведува статистичко истражување кое не е предвидено во Програмата за статистички истражувања.

Со членовите од 29 до 32 се врши прецизирање на условите под кои можат да се прибираат и користат доверливите податоци. Притоа со член 36 во функција на прецизирање на условите под кои можат да се користат доверливите податоци се наведува дека доверливите податоци можат да се користат единствено за статистички цели кои се утврдени во Програмата за статистички истражувања.

Со членовите 33 и 34 се врши натамошно усогласување со Законот за заштита на личните податоци и тоа во делот на користењето на посебните категории на личните податоци, користењето на единствениот матичен број на граѓанинот и заштитата на доверливите податоци.

Со членовите 35 и 36 се врши терминолошко допрецизирање на термините доверливи податоци и конечни резултати, како и усогласување со веќе направените измени.

Прашањето на користење на индивидуални податоци без идентификатори за научно истражувачки цели станува се поактуелно, посебно за научната заедница. Во таа смисла со членот 37 се врши попрецизно одредување на условите под кои можат тие да се користат, субјектите кои можат да ги користат, целта на користењето на податоците, како и нивната заштита.

Утврдување на условите под кои можат да бидат објавени официјалните статистички податоци е предмет на регулирање на членот 38. Исто така, со истиот член се утврдуваат и случаевите на објавување и давање на доверливите податоци без директна идентификација.

Со членовите 40 и 41 се уредува прашањето на објавување на статистичките податоци кои ги подготвува Заводот и овластените носители. Притоа се потенцира фактот дека податоците се јавни и секому достапни. Воедно се утврдува и обврска Заводот и овластените носители да подготват календар за објавување на статистичките податоци, да го ажурираат тримесечно и податоците ги објавуваат на веб страниците на Заводот и овластените носители. Со членот 40 се уредува прашањето на размената на статистичките податоци помеѓу субјектите во статистичкиот систем.

Со членот 42 се бришат членовите 46 и 47 од постоечкиот Закон, бидејќи истите членови се инкорпорирани во други членови од Законот.

Прашањето за утврдување на цените на публикационите материјали е од исклучителна важност за Заводот и овластените носители. Со членот 43 се предвидува цените да ги утврдува Заводот, односно овластените носители и истите да бидат објавени на нивните веб страни.

Во членот 44 е извршено терминолошко усогласување на термините официјална и државна статистика.

Со членовите 45 и 46 се уредува прашањето на меѓународната статистичка соработка во делот на доставување и размена на индивидуалните податоци.

Со членот 47 се врши прецизирање на изворите од кои се финансира државната статистика.

Со член 48 од Предлог-Законот се воведува нова глава XI-а со која се уредува прецизно целокупната постапка на вршење на надзор над спроведувањето и примената на одредбите на законот за државната статистика. Имено, се предлага надзорот да го спроведуваат овластени лица од Заводот кои ќе бидат овластени да донесуваат акти согласно ЗОУП и да спроведуваат постапка на порамнување со прекршителите на овој закон. Во функција на зголемувањето на нивната ефикасност овластените лица се овластуваат и да донесуваат решенија со кои ќе ги задолжуваат извештајните единици податоците кои се должни да ги доставуваат до Заводот да ги доставуваат редовно и во утврдените рокови. Жалба против решенијата на овластените лица се поднесува до комисија формирана од страна на директорот на Заводот.

Со членовите од 49 до 54 се врши воведување на сосем нов концепт при одмерувањето на висината на глобата за сторителите на прекршоци. Имено се воведува категоријата глоба во процентуален износ од остварениот приход во годината која и претходи на годината кога е сторен прекршокот, со што се очекува да се постигнат резултати како на полето на специјалната, така и на генералната превенција.

Со членот 55 се воведува и одговорност на директорот на Заводот, како и на одговорниот државен службеник за повреда на член 30 од Законот за државната статистика.

Со членовите од 56 до 60 од Предлог законот се врши допрецизирање на законот во однос на одговорноста на службените лица.

Со членот 61 се воспоставува законската основа Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за државната статистика.

Со член 62 се определува рокот од осум дена за влегувањето во сила на овој закон од денот на неговото објавување во Службен весник на Република Македонија.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата кои се предлагаат со Законот произлегуваат од меѓународно прифатени статистички стандарди.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со донесувањето на Законот и неговото влегување во сила, ќе се зајакне улогата на Државниот завод за статистика како координатор на статистичкиот систем на земјата, а воедно ќе се зајакнат законските основи на државната статистика која ја уредува областа на заштитата на личните податоци, користењето на доверливите податоци од научната заедница и условите за давање и објавување на статистичките податоци за потребите на корисниците.

**ЧЛЕНОВИ КОИ СЕ ПРЕДЛАГА ДА СЕ ИЗМЕНАТ ОД ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНА СТАТИСТИКА**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој закон се уредува поставеноста и работата на државната статистика, методолошките и организациски основи на статистичките истражувања, прибирањето, обработката, презентирањето, чувањето, заштитата и давањето на статистички податоци.

**Член 2**

Државната статистика е стручна независна дејност која врз база на научни основи, на органите на државната власт, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, јавните служби, јавноста и другите корисници им обезбедува податоци за состојбата и движењето на економијата, човековите ресурси, демографијата, заштитата на животната средина и природата и другите области.

**Член 3**

Одделни термини и изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

-под статистичко истражување се подразбира: подготовка, прибирање, обработка, складирање и чување на податоците, анализа и искажување на статистичките податоци за појавите од областите наведени во член 2 од овој закон,

-под извештајна единица се подразбираат носителите на збирки на податоци, правните и физички лица кои се утврдени како даватели на податоци,

-под прибирање на статистичките податоци се подразбира концентрација на одговорите содржани во статистичките прашалници, обрасци, анкетни документи и информациите содржани во другите медиуми со податоци од областите наведени во член 2 од овој закон,

-под збирка на податоци се подразбираат регистрите утврдени со закон, евиденциите утврдени со закон или општите акти врз основа на закон, бази и банки на податоци што се водат врз основа на јавни и други овластувања,

-под база на податоци се подразбираат збирки на податоци уредени по одредени правила и стандарди со пропишан начин на водење, ажурирање и рокови на  чување од носителот на базата,

-под идентификациони податоци се подразбираат оние индивидуални податоци кои овозможуваат директна идентификација на правното или физичкото лице, а се однесуваат на името и презимето, адресата и единствениот идентификационен број кој се води согласно со прописите,

-под индивидуални податоци се подразбираат податоците кои се однесуваат на правно или физичко лице,

-индивидуалните податоци кои се однесуваат на физичко лице претставуваат лични податоци,

-под посебни категории на лични податоци се подразбираат личните податоци кои го откриваат расното или етничкото потекло, политичкото, верското или друго уверување, членството во синдикална организација и податоци кои се однесуваат на кривични дела, изречени казни  за извршени кривични дела и податоци кои се однесуваат на здравјето или сексуалниот живот,

-под корисник на податоци се подразбираат сите правни и физички лица кои имаат потреба од статистички податоци,

-под програма за статистички истражувања се подразбира акт со кој се утврдуваат статистичките истражувања за повеќегодишен период во согласност со овој закон,

-под дисеминација на податоци се подразбираат активностите за презентирање на резултатите од статистичката продукција и обезбедување пристап на корисниците до статистичките податоци, во форма и на начин соодветен за корисниците,

-под статистички рагистри се подразбираат номинални листи на извештајни единици кои континуирано се ажурираат од сите достапни извори и се користат исклучиво за статистички цели,

-под овластени носители се подразбираат: Државниот завод за статистика, Народна банка на Република Македонија и други субјекти наведени во Програмата за статистички истражувања, кои во прибирањето, обработката и дисеминацијата на податоците применуваат статистички стандарди, методи и техники,

-под носители на административни збирки на податоци се подразбираат правни и физички лица кои ги водат врз основа на посебни закони и ги користат за утврдување на правата и обврските на правните и на физичките лица,

-под користење за статистички цели се подразбира исклучиво користење на статистичките податоци за развој и производство на статистички резултати и анализи,

-под доверливи податоци се подразбираат податоци кои овозможуваат статистичката единица да биде идентификувана директно или индиректно и со тоа да се откријат индивидуалните информации,

-под директна идентификација се подразбира препознавање на статистичката единица преку нејзините идентификациски податоци,

-под индиректна идентификација се подразбира идентификација на статистичката единица на кој било начин различен од начинот на директна идентификација и

-под пасивна доверливост се подразбира дека не се преземаат мерки за заштита на доверливоста, освен во случај кога извештајната единица тоа експлицитно го бара, заради тоа што смета дека може да бидат загрозени нејзините интереси при дисеминацијата на податоците.

**Член 4-а**

Начелата од член 4 на овој закон го имаат следново значење:

- “стручна независност” значи дека работите на официјалната статистика мора да се вршат врз основа на стручни и научни методи и сознанија и мора да бидат заштитени од какво било влијание, исто како и времето и содржината на сите форми на дисеминација,

- “неутралност” значи стручен начин на одредување на методите и дефинициите на прибирање, обработка и дисеминација на статистичките податоци, ослободен од какво било влијание и сите корисници мора да бидат подеднакво третирани,

- “објективност” значи дека статистиката мора да се развива, да произведува и да дисеминира на систематичен, сигурен и непристрасен начин, со користење на професионални и етички стандарди, а користените политики и практики се транспарентни за корисниците и давателите на податоци,

- “сигурност” значи дека статистиките ќе ја мерат и прецизираат реалноста точно и конзистентно, притоа користејќи научни критериуми за селекција на изворите, методите и процедурите,

- “статистичка доверливост” значи дека податоците кои се прибираат од извештајните единици преку статистичките истражувања или индиректно, од административни или други извори, се доверливи податоци и се користат исклучиво за статистички цели, што подразбира забрана за користење за нестатистички цели и нивно незаконско разоткривање и

- “рационалност” значи дека трошоците кои се потребни за производство на официјалната статистика треба да бидат пропорционални на важноста на резултатите и очекуваните придобивки и неопходно е минимизирање на товарот на извештајните единици и оптимално користење на постојните ресурси.

**Член 4-в**

Критериумите од членот 4-б на овој закон го имаат следното значење:

- “релевантност” го означува степенот до кој статистиката одговара на сегашните и потенцијалните потреби на корисниците,

- “точност” ја означува блискоста на пресметките кои ги прави статистиката со реалните вредности,

-“навременоста” го означува временскиот период меѓу настанувањето на појавата и објавувањето на информациите кои ја опишуваат,

- “придржување кон предвидените рокови” го означува доцнењето на моментот на објавување на податоците во однос на тоа кога требале да бидат објавени според Календарот за публикување на статистичките податоци,

- “пристапност и јасност” значи дека официјалната статистика треба да се презентира во јасна и разбирлива форма, да се дисеминира на соодветен начин, да биде расположива и достапна врз непристрасна основа и придружена со потребните матаподатоци и

- “кохерентност и споредливост” значи дека официјалната статистика треба интерно да биде конзистентна и споредлива меѓу регионите и земјите, во текот на времето, а треба да овозможи и комбинирање и заедничко користење на одредени податоци од различни извори.

Во примената на критериумите за квалитет од ставот 1 на овој член, се почитуваат европските регулативи на одделните статистички области во поглед на структурата и периодиката за подготовка на извештаи за квалитет.

**Член 4-г**

Како официјални податоци во Република Македонија, за истражувањата предвидени со Програмата за статистички истражувања, се сметаат податоците кои во согласност со Програмата ги објавува Државниот завод за статистика и овластените носители.

## II. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ДРЖАВНАТА СТАТИСТИКА

**Член 5**

Основните задачи во извршувањето на дејноста на државната статистика ги врши Државниот завод за статистика (во натамошниот текст: Завод), во соработка со извештајните единици, како и со добивање на статистички податоци од збирки на податоци.

Одделни статистички истражувања спроведуваат и:

- Народната банка на Република Македонија и

-други субјекти наведени во Програмата за статистички истражувања (во натамошниот текст: овластени носители).

Статистичките истражувања што ги спроведуваат овластените носители од став 2 на овој член, се утврдуваат во Програмата за статистички истражувања .

**Член 6**

Овластените носители во врска со статистичките истражувања што ги спроведуваат во согласност со Програмата за статистички истражувања (во натамошниот текст: Програма), ги вршат следните работи:

-ги подготвуваат методолошките основи за статистичките истражувања, во согласност со член 17 од овој закон,

-ги подготвуваат инструментите за реализација на истражувањето,

-вршат обработка и објавување на резултатите од статистичките истражувања и

-вршат и други работи утврдени со овој закон.

### 1. Државен завод за статистика

**Член 7**

Заводот е стручна, самостојна, управна организација со надлежности утврдени со овој и друг закон.

Заводот е координатор на официјалната статистика на статистичкиот систем на Република Македонија.

Во Заводот се организираат регионални одделенија на територија на Република Македонија.

Бројот на регионалните одделенија ќе се утврди со актот за организација и работа на Заводот.

Заводот има својство на правно лице.

**Член 8**

Заводот во рамките на своите надлежности ги врши следниве стручни работи:

- ги подготвува инструментите за статистички истражувања;

- прибира и обработува статистички податоци;

-врши анализа на статистичките податоци и толкување на резултатите од статистичките истражувања;

- ги исполнува меѓународните обврски во областа на статистиката;

- ги утврдува потребите од статистички податоци;

- ги чува, презентира и посредува при давањето на статистичките податоци;

- соработува со овластените носители кои вршат статистички истражувања од областа на државната статистика во рамките на својата надлежност;

- на овластените носители им дава мислење за методолошки основи согласно со член 17 од овој закон;

- дава мислење при воведување нови и дополнување на постојните збирки на податоци кои можат да бидат извор на податоци за државната статистика;

-пропишува организационо-технички мерки за заштита на индивидуалните податоци;

-дава иницијативи и предлози за содржинско дополнување на постојните евиденции и регистри кои во согласност со закон и Програмата се користат за статистичките истражувања;

- подготвува статистички прогнози, трендови и модели;

-врши услуги во областа на статистиката за потребите на корисниците по нивно барање;

- воспоставува, води и одржува статистички збирки на податоци;

-развива методи и техники за заштита на индивидуалните податоци и прикажување на резултатите од статистичките истражувања;

-ги пропишува, унапредува и усогласува методолошките основи за статистичките истражувања;

- самостојно и во соработка со други носители реализира проекти од областа на државната статистика;

- воспоставува, води и одржува статистички регистри и бази на податоци;

- врши популаризација на статистиката и

- врши и други работи утврдени со овој и друг закон.

**Член 9-а**

Директорот на Заводот е одговорен за одлучување за прашања кои се однесуваат на стручно-методолошките прашања на државната статистика, а особено на :

- содржината и методологијата на статистичките активности и

- опфатот и видот на податоците кои се прибираат и дисеминираат врз основа на Програмата.

Директорот на Заводот има право на јавно соопштување во случај на погрешно толкување или злоупотреба на статистичките податоци.

Директорот на Заводот е должен да го штити професионалниот кредибилитет на официјалната статистика од непрофесионално влијание од каков било вид.

III. МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ НА СТАТИСТИЧКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

**Член 14**

Методолошките основи за статистичките истражувања содржат:

-избор на известајните единици;

-задолжителна содржина на статистичкото истражување;

-дефиниции, стандарди и слично кои ќе се применуваат при спроведувањето на статистичкото истражување;

-известување за обврската за задолжително давање на податоците или не и

-структура и степен на агрегираност на податоците на статистичкото истражување.

**Член 15**

Методолошките основи за статистичките истражувања ги утврдува Заводот, односно овластените носители.

Методолошките основи кои не се усогласени со меѓународно прифатените норми и стандарди ги донесуваат овластените носители по претходно мислење од Заводот.

Заводот е должен, во рок од 15 дена по приемот на барањето да даде мислење по предложените методолошки основи од овластениот носител.

**Член 16**

Методолошките основи за статистичките истражувања утврдени со Програмата, се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија" .

**Член 17**

Државните органи и други носители на збирки на податоци, при нивно воспоставување или дополнување со податоци, доколку тие ке се користат и за статистички истражувања, прибавуваат писмено мислење за методолошките основи од Заводот.

Заводот во случаите од став 1 на овој член е должен да даде мислење во рок од 15 дена од приемот на барањето.

**Член 19**

Единствените идентификации на евиденциите и регистрите содржат:

- определување на единиците на евиденцијата, односно единиците на регистрите;

- еднозначни идентификации;

- методологии на водење и одржување;

- функција на поврзување;

- основи на заштитата на податоците и информациите;

- податоци за единиците на евиденцијата и друго.

При спроведувањето на статистичките истражувања се користат единствените идентификации, евиденции и регистри утврдени со закон или општ акт.

IV. ПРОГРАМА ЗА СТАТИСТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА

**Член 21**

За реализација на Програмата Заводот поднесува Годишен извештај до Владата на Република Македонија до 31 мај во тековната за претходната година.

Овластените носители се должни до Заводот да доставуваат податоци за изготвување на Годишниот извештај до 31 март во тековната за претходната година.

**Член 22**

Со Програмата се утврдуваат:

- називот и ознаката на статистичкото истражување;

- содржината на статистичкото истражување;

- извештајните единици;

-периодиката на статистичкото истражување (месечна, тримесечна, полугодишна, годишна, повеќегодишна);

- критичниот момент или периодот на статистичкото истражување;

- рокот во кој треба да се дадат податоците;

- релевантните меѓународни стандарди;

-називот на носителот кој го спроведува статистичкото истражување;

-роковите во кои треба да се изврши обработка и објавување на податоците и

- податоците што задолжително се објавуваат.

V. ЗБИРКИ НА ПОДАТОЦИ

**Член 24**

За порационално извршување на Програмата како и за другите потреби во согласност со овој закон, Заводот користи податоци од збирките на податоци.

**Член 25**

Збирки на податоци можат да се користат како извори на податоци за статистичките истражувања во сите случаи, доколку се обезбеди заштита

на податоците согласно овој закон, освен ако со законот со кој се воведени не е стриктно уредено дека тие податоци не можат да се користат за статистички цели.

Носителите на збирките на податоци утврдени со закон, се должни на Заводот да му ги обезбедат податоците кои се содржани во збирките, а се неопходни за реализација на статистичките истражувања.

По преземањето на податоците од збирките на податоци Заводот овие податоци, заедно со претходно прибраните, ги обликува, складира и чува во своите бази на податоци.

## V. СТАТИСТИЧКИ РЕГИСТРИ

### Член 25-а

Заводот користи податоци од административни збирки на податоци, пописи, статистички истражувања и податоци собрани преку методот на набљудување и следење, заради организирање и водење на статистички регистри.

Заводот има право да ги прилагоди податоците добиени од административните збирки на податоци заради нивно усогласување со дефинициите и стандардите кои ги користат за статистичките регистри кои ги води.

Содржината, формата, како и начинот на водењето и користењето на податоците од статистичките регистри од ставот 1 на овој член се уредуваат со Правилник кој го донесува директорот на Заводот.

### Член 25-б

Податоците од статистичките регистри не смеат да се даваат на корисници во облик и на начин кој овозможува препознавање на извештајната единица на која се однесуваат тие податоци.

### Член 25-в

Податоците од статистичките регистри исклучиво се користат за статистички цели.

Под статистичка цел во смисла на ставот 1 од овој член се подразбира користење на податоците од статистичките регистри заради селекција на извештајните единици за статистички истражувања и за избор на примерок.

## VI. ПРИБИРАЊЕ, ОБРАБОТКА И ЧУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

**Член 26**

Известајните единици се должни на Заводот да му достават статистички податоци, утврдени во согласност со закон и Програмата, без надомест.

Известајните единици се должни за податоците, што треба да ги обезбедат за статистичките истражувања, да водат соодветна евиденција.

За водењето и содржината на евиденциите од став 2 на овој член Заводот е должен да ги информира известајните единици пред започнувањето на роковите за кои се однесуваат податоците.

Известајните единици при водењето на збирки на податоци, кои се користат и за статистички истражувања, ги применуваат единствените стандарди.

Податоците за статистичките истражувања се прибираат преку статистички прашалници, обрасци, непосредно преземање на податоците од соодветните документи на известајната единица или од збирките на податоци.

Податоците за статистичките истражувања покрај на начинот утврден во ставот 5 на овој член можат да се прибираат и во електронски облик.

**Член 27**

Пред прибирањето на податоците, Заводот и овластените носители мора да ги запознаат известајните единици со следново:

- законската основа за прибирање на податоците;

- целта за која се прибираат податоците;

- името на органот што ќе ги прибере и обработи податоците;

- заштитата на податоците;

- опфатот и начинот на прибирање на податоците;

- дали постои задолжителна обврска за давање на податоците.

**Член 28**

На статистичките обрасци и другите инструменти за спроведување на статистичкото истражување задолжително се наведува:

- правниот основ за извршување на статистичкото истражување;

-називот на носителот кој е надлежен за спроведување на статистичкото истражување;

- називот и содржината на статистичкото истражување и

- обврска за заштита на податоците.

**Член 29**

На лицата кои се определени непосредно да ги приберат податоците од извештајната единица во својство на анкетари, проценители, попишувачи и други, и на лицата кои се определени да извршат контрола на податоците од извештајната единица, директорот на Заводот им издава писмено овластување.

Писменото овластување од став 1 на овој член ги содржи следните податоци: име и презиме на лицето, единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ), адреса на живеење, назив на статистичкото истражување за кое е овластен да ги прибере, односно провери податоците, обврска за заштита на податоците и рок за кој важи овластувањето.

Писменото овластување од став 1 на овој член важи само со лична карта и лицето е должно пред прибирањето или контролата на статистичките податоци да го покаже на извештајната единица.

**Член 30**

Извештајните единици според Програмата имаат обврска на Заводот да му ги достават бараните податоци во утврдените рокови и да му достават целосни и точни податоци.

Доколку податоците не се достават, не се достават во утврдените рокови или не се достават целосни и точни податоци, извештајните единици се должни да ги достават или дополнат во определен рок по писменото известување од страна на Заводот.

Писменото известување од ставот 2 на овој член, Заводот го доставува до извештајната единица во рок од десет дена од денот на утврдувањето дека примените податоци не се доставени, не се доставени во утврдените рокови или не се доставени целосни и точни податоци.

**Член 31**

За статистичките истражувања што се вршат според територијален принцип податоците се објавуваат и на ниво на единици на локалната самоуправа.

При објавувањето на податоците од став 1 на овој член се применуваат одредбите за заштита на податоците од овој и друг закон.

### Член 33

Конечните резултати од статистичките истражувања, утврдени со Програмата, како агрегирани, се чуваат трајно на начин и постапка пропишани од директорот на Заводот, односно од лицето кое раководи со овластениот носител во рамките на своите надлежности.

## VII. ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ

### Член 34

Заводот и овластените носители прибираат индивидуални податоци за статистички цели, за статистичките истражувања утврдени со Програмата и други закони.

По исклучок од став 1 на овој член за статистичките истражувања утврдени во Програмата или со закон, може да се користат и податоци кои не се прибрани за статистички цели.

Идентификационите податоци прибрани во согласност со Програмата може да се користат за создавање на збирки на податоци за статистички цели (избор на примерок и слично).

### Член 35

Индивидуалните податоци прибрани, обработени или дадени за статистички цели можат да се користат само за цели утврдени со овој закон. Поединечно овие податоци не можат да се користат за донесување на било какви одлуки во врска со правното или физичко лице на кое се однесуваат, ниту да се компилираат или стават во други збирки на податоци што се користат за нестатистички цели.

### Член 35 -а

Во случаи кога е потребно да се изврши оцена на методологијата или квалитетот на изворот на податоците кои се потребни за статистички истражувања или за потребите на пописите, Заводот и овластените носители можат да спроведат пробни истражувања и во случај кога таквите истражувања не се предвидени со Програмата за статистички истражувања.

Податоците прибрани од истражувањата од ставот 1 на овој член нема да се сметаат за официјални статистички податоци.

## Член 36

Во случаите кога индивидуалните податоци се прибираат непосредно, извештајната единица ќе биде информирана за податоците содржани во член 27 на овој закон.

Во случаите кога индивидуалните податоци се преземаат од други збирки на податоци, информирањето на правното или физичко лице на кое тие податоци се однесуваат, ќе се направи на погоден начин, освен ако давањето на таквата информација е невозможна или вклучува неразумен напор.

## Член 37

Посебните категории на лични податоци што се обработуваат за статистички цели се прибираат во форма што не овозможува идентификација на лицето на кое се однесуваат.

По исклучок од став 1 на овој член ако за обработката на посебните категории на лични податоци е потребна идентификација на лицето на кое се однесуваат, тогаш ќе се обезбеди соодветна заштита, вклучувајќи и одвојување на идентификационите податоци уште во фазата на нивното прибирање, освен ако ова е очигледно неразумно или непрактично.

Единствениот матичен број на граѓанинот за статистички цели може да се користи исклучиво во фазата на прибирањето на посебните категории на лични податоци.

По внесувањето во збирката на податоците, единствениот матичен број на граѓанинот се одделува од содржината на варијаблите и може повторно да се припои заради следење на истата содржина на варијаблите во одреден временски период, доколку во Програмата за статистички истражувања е утврдено негово користење за подготвување на лонгитудинални збирки на податоци.

## Член 38

Сите лични податоци прибрани за статистички цели подлежат на заштита утврдена со овој закон и Законот за заштитата на личните податоци (“Службен весник на Република Македонија бр.7/2005”).

Во однос на правата на лицето во врска со личните податоци кои се прибираат во согласност со овој закон ќе се применува член 16 од Законот за заштита на лични податоци.

Одредбите од ставовите 1 и 2 на овој член соодветно ќе се применуваат и на индивидуалните податоци за правните лица кои се утврдени како известајни единици.

**Член 39**

Вработените лица во Заводот и кај овластените носители на определено или неопределено време, како и извршителите кои врз основа на договор вршат прибирање или при својата работа имаат пристап до индивидуални податоци, должни се тие податоци да ги чуваат како доверливи за време и по престанувањето на работниот однос или ангажирање по договор за дело.

Лицата од ставот 1 на овој член, пред добивањето пристап до индивидуални податоци, потпишуваат изјава за заштита на статистичката доверливост преку која ќе бидат запознаени со обврските за заштита на податоците.

**Член 40**

Индивидуалните податоци прибрани и обработени за статистички цели, по извршената обработка ќе бидат складирани и чувани до објавување на конечните резултати.

По исклучок податоците од став 1 на овој член може да се чуваат и подолго, за намените утврдени во став 3 на член 39 од овој закон, но најдолго до остварување на целта за која се чуваат.

**Член 41**

Заводот и овластените носители од член 5 на овој закон можат, врз основа на писмено барање, да даваат индивидуални податоци без идентификациони податоци за известајната единица, исклучиво на научни институции за научно-истражувачки цели, доколку корисникот ги обезбеди сите мерки на заштита утврдени со закон и други прописи.

Писменото барање од ставот 1 на овој член мора да ја содржи целта, законската основа за користење на индивидуалните податоци и категоријата на индивидуалните податоци кои се бараат.

За користење на податоците од став 1 на овој член се склучува посебен договор врз основа на кој корисникот се обврзува дека податоците ќе ги користи за целта која е наведена во барањето, дека нема да ги даде на увид и кори стење на неовластени лица и дека после употребата ќе ги уништи.

Трошоците за подготовка на податоците ги сносат корисниците од став 1 на овој член.

Поблиските услови и начинот на користење на индивидуалните податоци ги пропишува директорот на Заводот, односно лицето кое раководи со овластениот носител.

**Член 42**

Статистичките резултати ќе бидат достапни за користење или ќе се публикуваат само ако е обезбедено дека преку овие резултати не може веќе да се идентификуваат субјектите (правното или физичко лице) на кои тие податоци се однесуваат, освен ако субјектот на податоците дал согласност.

**Член 43**

За да се обезбеди заштита на индивидуалните податоци, прибрани за статистички цели, се преземаат мерки против неовластен пристап, доставување или било каква неовластена обработка, како и мерки со кои се спречува уништувањето, губењето, промената, злоупотребата или неовластената употреба на податоците.

Мерките и техниките за обезбедување заштита на податоците прибрани според Програмата ги пропишува директорот на Заводот, односно лицето кое раководи со овластениот носител.

VIII. ДИСЕМИНАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ

**Член 44**

Статистичките податоци, што се објавуваат во согласност со Програмата, се јавни и секому достапни.

Резултатите од статистичките истражувања ги објавува Заводот и овластените носители.

Примерок од резултатите од статистичките истражувања од Програмата што ги објавуваат, овластените носители доставуваат до Заводот.

Интегралните публикации од статистичките истражувања, предвидени во Програмата ги објавува Заводот.

**Член 45**

Заводот и овластените носители се должни да подготват и ажурираат Календар за публикување на статистичките податоци.

Календарот од ставот 1 на овој член содржи назив на податоците кои се објавуваат и датуми на нивното објавување и се објавува на веб страниците на овластените носители и на Заводот.

**Член 46**

Заводот и овластените носители на корисниците можат, на нивно барање, податоците да им ги даваат и на друг начин односно во друг облик, од утврдениот во Програмата, доколку не се повредуваат одредбите за заштита на податоците.

Трошоците за давање на податоците кои ќе се подготват во согласност со став 1 од овој член ги сносат корисниците, освен државните органи.

**Член 47**

По исклучок, индивидуалните податоци за правните лица прибрани за статистички цели, може да се објавуваат и даваат во следниве случаи:

- ако има писмена согласност од извештајната единица за која тие податоци се однесуваат,

- ако податоците се земени од јавните - општо достапни збирки на податоците,

- ако податоците се јавно објавени од страна на извештајната единица и

- статистички податоци за областите за кои според меѓународните стандарди се применува принципот на пасивна доверливост.

Писмената согласност од став 1 алинеја 1 на овој член може во секое време и без образложение да се повлече.

**Член 48**

Заводот добиените резултати од статистичките истражувања ги објавува во вид на соопштенија, публикации, работни документи, анализи, студии и други видови на публикациони материјали.

Субјектите на кои се дистрибуираат публикациони материјали без надомест и бројот се утврдуваат со акт на Владата на Република Македонија.

Цените на публикационите материјали од став 1 на овој член и трошоците за подготовка на податоците од член 51 на овој закон ги определува Заводот.

На цените од став 3 на овој член согласност дава Владата на Република Македонија.

**Член 48-а**

Во системот на официјална статистика Заводот има координативна улога во рамките на меѓународната статистичка соработка.

Во извршувањето на меѓународните обврски, Заводот во соработка со останатите овластени носители, мора да оствари споредливост со останатите европски земји, да ги почитува и да ги примени меѓународните стандарди вклучувајќи го и Кодексот за работа на европската статистика и активно да учествува во развојот на официјалната статистика на меѓународно ниво.

IX. МЕЃУНАРОДНА СТАТИСТИЧКА СОРАБОТКА

**Член 49**

При исполнување на меѓународните обврски Заводот, во соработка со овластените носители во областа на статистиката, соработува, посредува и разменува податоци со други држави и меѓународни организации.

Примерок од податоците кои овластените носители ги доставуваат во рамките на меѓународната статистичка соработка ги доставуваат и до Заводот.

По исклучок од став 2 на овој член доколку податоците што ги даваат овластените носители треба да се усогласуваат со меѓународните статистички норми и стандарди, податоците се даваат по предходна согласност на Заводот.

При извршување на обврските од став 1 на овој член Заводот односно овластените носители соработуваат со министерството надлежно за надворешни работи, а по потреба и со други органи на државната управа.

**Член 49-а**

Доставувањето на заштитените податоци за кои не е дозволена директна идентификација меѓу Заводот и соодветните национални институции на членките на Европската унија и органите на Заедницата,

може да се врши само ако тоа доставување е неопходно за продуцирање на специфичните статистики на Заедницата.

Секое натамошно доставување мора да биде одобрено од страна на Заводот.

**Член 49-б**

Заводот и другите овластени носители можат да пренесуваат индивидуални податоци во трети држави без идентификациони податоци за извештајната единица на која се однесуваат, по барање на статистички организации и статистички служби на меѓународни организации, за статистички цели и за научни истражувања, доколку се обезбедени сите мерки за заштита и за пренос на податоците во согласност со овој Закон и во согласност со постапката утврдена со Законот за заштита на личните податоци.

X. ФИНАНСИРАЊЕ НА ДРЖАВНАТА СТАТИСТИКА

**Член 53**

Средства за реализација на Програмата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Приходите од вршењето на работите на државната статистика се уплатуваат на посебна жиро сметка - сметка за сопствени приходи.

XI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 54**

Глоба во износ од 1.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое нема својство на трговско друштво, ако на Заводот не му ги достави бараните податоци согласно со членот 30 од овој закон.

Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното или службеното лице во правното лице за прекршокот од ставот 1 на овој член.

**Член 54-а**

Глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое нема својство на трговско друштво, ако на Заводот не му достави целосни и точни податоци согласно членот 30 од овој закон.

Глоба во износ од 750 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното или службеното лице во правното лице за прекршокот од ставот 1 на овој член.

**Член 54-б**

Глоба во износ од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое нема својство на трговско друштво, ако на Заводот не му достави податоци во предвидениот рок од членот 30.

Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното или службеното лице во правното лице за прекршокот од ставот 1 на овој член.

**Член 54-в**

За прекршок сторен од трговско друштво кое на Заводот нема да му ги достави бараните податоци согласно со членот 30 од овој закон ќе му се изрече:

- глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршок на микро трговец,
- глоба во износ од 1.500 до 2.500 евра во денарска противвредност за прекршок на мал трговец,
- глоба во износ од 2.500 до 3.500 евра во денарска противвредност за прекршок на среден трговец и
- глоба во износ од 3.500 до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршок на голем трговец.

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се изрече глоба на:

- одговорното лице во правното лице микро трговец во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност,
- одговорното лице во правното лице мал трговец во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност,
- одговорното лице во правното лице среден трговец во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност и
- одговорното лице во правното лице голем трговец во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност.

**Член 54-г**

За прекршок сторен од трговско друштво кое на Заводот не му достави целосни и точни податоци согласно членот 30 од овој закон, ќе му се изрече:

- глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок на микро трговец,
- глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за прекршок на мал трговец,
- глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност за прекршок на среден трговец и
- глоба во износ од 3.000 до 4.000 евра во денарска противвредност за прекршок на голем трговец.

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се изрече глоба на:

- одговорното лице во правното лице микро трговец во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност,
- одговорното лице во правното лице мал трговец во износ од 400 до 800 евра во денарска противвредност,
- одговорното лице во правното лице среден трговец во износ од 800 до 1.200 евра во денарска противвредност и
- одговорното лице во правното лице голем трговец во износ од 1.200 до 1.500 евра во денарска противвредност.

**Член 54-д**

За прекршок сторен од трговско друштво кое на Заводот не му достави податоци во предвидениот рок од членот 30 на овој закон, ќе му се изрече:

- глоба во износ од 300 до 800 евра во денарска противвредност за прекршок на микро трговец,
- глоба во износ од 800 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршок на мал трговец,
- глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност за прекршок на среден трговец и
- глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност за прекршок на голем трговец.

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се изрече глоба на:

- одговорното лице во правното лице микро трговец во износ од 100 до 300 евра во денарска противвредност,
- одговорното лице во правното лице мал трговец во износ од 200 до 600 евра во денарска противвредност,
- одговорното лице во правното лице среден трговец во износ од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност и

- одговорното лице во правното лице голем трговец во износ од 1.000 до 1.200 евра во денарска противвредност.

**Член 55**

Глоба во износ од 1.750 до 3.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице ако ги повреди одредбите за заштита на индивидуалните податоци добиени по основ на член 41 од овој закон или не ги обезбеди или преземе мерките за заштита, или ги користи надвор од целите за кои ги добило (член 46 ставови 1 и 2).

За прекршокот од став 1 на овој член ќе се изрече на одговорното лице во правното лице или службено лице или трговец поединец глоба во износ од 700 до 1.400 евра во денарска противвредност.

За прекршокот од став 1 на овој член на полнолетно физичко лице кое по основ на работен однос или договор имало пристап до индивидуалните податоци ќе се изрече глоба во износ од 350 до 700 евра во денарска противвредност.

**Член 56**

Глоба во износ од 700 до 1.400 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на одговорното лице во Заводот или овластениот носител и лицето од член 44 став 1 од овој закон за непреземање или повреда на пропишаните мерки за заштита на податоците.